# КОЛУМНИ НА ХЕРА НА ТРН

[Ангела Илоска]
[Ива Михајловска]
[Румена Ѓердовска-Којчески]
[Ева Спасевска]
[Драгана Дрндаревска]
[Ана Попризова]
[Стефанија Сердарска]
[Весна Матевска]
[Нада Тофоска]
[Андријана Папиќ Манчева]
[Андреј Сених]
[Тања Станкова - Папиќ]

ХЕРА

април – декември 2023 година

Изразуваме голема благодарност до порталот ТРН за отстапениот медиумски простор и за укажаната доверба да „боцнеме“ на теми поврзани со сексуалните и репродуктивните права и слободи.

Изразуваме голема благодарност и до нашите членови коишто споделија свои ставови и дел од искусеното – како граѓани и како стручни лица – свесни дека личното секогаш е политичко.

## Содржина

5 Сеопфатното сексуално образование во светот на лажните вести [Ангела Илоска]

8 Ленка треба да биде платена [Ива Михајловска]

11 Внимавајте кого мразите – можеби е некој што го сакате!? [Румена Ѓердовска-Којчески]

14 Нееднакви меѓу еднаквите [Ева Спасевска]

17 Кога природното го сметаме за неприродно, добиваме антиродова пропаганда [Драгана Дрндаревска]

21 Најдобро за нашите деца е да се збогуваме со патријархатот [Драгана Дрндаревска]

24 Мојот ученик Марко [Ана Попризова]

28 Семејно насилство: Зошто затајуваме? [Стефанија Сердарска]

31 Зошто сѐ уште немаме контрацепција на товар на Фондот? [Весна Матевска]

34 Медикаментозен абортус? Потпишувам со две раце. [Нада Тофоска]

37 Смрт за фашизмот, репродуктивна слобода за нас! [Андријана Папиќ Манчева]

40 Охрабруваме пријавување или стимулираме премолчување? [Ева Спасевска]

43 Можен ли е крај на ХИВ – и на другите сексуално преносливи инфекции? [Андреј Сених]

48 Поддршката на жените со попреченост не смее да се сведе на сожалување и милосрдие [Весна Матевска]

51 Ајде правилно да именуваме [Тања Станкова - Папиќ]

18.04.2023 г.

# СЕОПФАТНОТО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СВЕТОТ НА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ

| Пишува: | Д-р Ангела Илоска, членка на Управниот одбор на ХЕРА |
|---|---|



Велат „Додека вистината ги облекува чевлите, лагата ќе го заобиколи светот.“ Многу често „облечени“ во наводна добронамерност и загриженост, лажните вести се шират со брзина на светлината, без никаква тежина и веродостојност, од страна на нестручни лица кои немаат ниту сознанија, ниту желба да научат повеќе. Притоа, оние коишто ги смислуваат и споделуваат не нудат решение за проблемите што со години тлеат, туку тоа го прават за да создадат хаос, паника и недоверба.

Одличен пример за ова е програмата за сеопфатното сексуално образование (ССО) што беше неодамна пилотирана како изборен предмет за 9-то одделение во неколку училишта низ земјава. За многумина контроверзно првенствено поради зборчето „сексуално“ што веднаш ги подотвора табуата, ССО има исклучително важна улога во подготвувањето и информирањето на младите за сето она што ги чека во пубертетот и адолесценцијата. Токму затоа и се заснова на темелно евалуирана програма со релевантни и точни податоци, соодветно прилагодени за возраста, за сексуалното и репродуктивното здравје и права кои се загарантирани со Универзалната декларација за човекови права.

Ако се земат предвид загрижувачките стапки на малолетничка бременост, абортуси, силувања, насилство врз жени и сексуално вознемирување во земјава, една работа е како бел ден јасна: нешто мора да се промени, вклучи-

телно и во образованието! Со воведување на ССО во формалниот образовен процес, секој млад човек ќе има можност навреме да се едуцира за овие исклучително важни аспекти на здравјето.

Оттука, би сакала накусо да ги претставам содржините што ги опфаќа ССО, и тоа од позиција на млад човек, врсничка едукаторка за ССО, наставничка и лекарка.

Првата од седумте компоненти на ССО е онаа за родот преку која младите учат за социјално конструираните разлики меѓу момчињата и девојчињата, причините поради кои жените се помалку вреднувани од мажите, размислуваат за својата иднина и кариера според личните желби и способности, а не според општествените очекувања. Компонентата „Врски и односи" поучува дека врските со другите лица се убави и потребни за личниот развој, но само доколку се втемелени на добра комуникација, доверба и разбирање. Преку неа младиот човек учи да не потпаѓа под притисокот да влезе во сексуална врска бидејќи сите други го прават тоа, туку да разбере дека одлуката мора да биде целосно негова лична и дека има право да каже „не", а другата страна мора да ја почитува таа одлука.

Компонентата за телото и сликата за телото, се чини, ни е нужна во денешно време. Преку неа младиот човек учи да се сака и да се прифати себеси и своето тело и да не потпаѓа под притисоците на општеството и наметнатите стандарди за тоа како „треба" да изгледа. Компонентата „Сексуално и репродуктивно здравје" опфаќа исклучително важни информации за тоа како младите да се заштитат од сексуално преносливи инфекции и како да изградат позитивен став кон превенцијата и навремената грижа за сексуалното и репродуктивното здравје од кое зависи целокупната добросостојба.

Еден од најважните концепти што ги донесува компонентата „Сексуалност" е оној за согласноста. Преку него младите учат дека еднаш дадената согласност не важи засекогаш и дека одлуката за сексуална активност се донесува доброволно и слободно, кога тие се чувствуваат доволно информирани и подготвени. Со компонентата „Насилство" се отвораат прашањата за разните форми на насилство, вклучително и за врсничкото и сексуалното вознемирување во училиштата, за тоа каде може да се пријави насилството и како да се заштитат. Покрај ова, младите учат дека за насилството виновен е сторителот, никогаш жртвата! Преку компонентата „Граѓански аспекти", пак, се разговара за човековите права, кои ги опфаќаат и сексуалните и репродуктивните права. Се разговара и како да се почитуваат правата на другите и каде може да се пријави прекршувањето на правата.

Не се учи од учебник туку низ работилници што ги води наставникот по насоките на УНЕСКО за сеопфатно сексуално образование. Овие насоки се со-

држани во прирачник којшто е изработен по највисоки стандарди, соодветно на развојниот период и возраста на децата и младите, внимателно ревидиран од стручни лица и составен од релевантни и со докази поткрепени информации. Притоа, целта не е младите да станат експерти во полето на репродуктивното здравје и права, туку да се насочат кон креирање здрави навики, донесување правилни одлуки, неприфаќање на насилното однесување, развивање доверба во институциите и соработка со родителите и наставниците како главни медијатори и штитеници на младите.

Од прва рака можам да кажам дека во седумте години што ги имам поминато како врсничка едукаторка, овие содржини се исклучително добро прифатени и добредојдени – и во руралните и во урбаните средини, и од младите и учениците, но и од нивните родители и наставници. Конечно, како лекар, сакам да нагласам дека превентивни едукативни програми како ССО се исклучително важни и од јавно- здравствен аспект бидејќи придонесуваат кон спречување на сексуално преносливи инфекции и ХИВ, намалување на стапката на абортуси, особено на нелегалните абортуси, намалување на стапката на малолетнички бремености, и зачувување на менталната благосостојба со препознавање, превенција и пријавување на случаи на сексуално вознемирување и насилство. Што, во суштина, и не би требало да изненадува, зарем не? Бидејќи кога ги имаме точните информации навреме, можеме многу подобро да се грижиме за себе, а со тоа и за луѓето околу нас.

линк до колумната

02.05.2023 г.

# ЛЕНКА ТРЕБА ДА БИДЕ ПЛАТЕНА

| Пишува: | Ива Михајловска, членка на ХЕРА |
|---|---|



Пред неколку недели следев предавање на една наша реномирана професорка кое навистина ме инспирираше. Особено ме допре кога кажа дека на мажите им одговара дихотомијата за улогата и статусот на жената во општеството. Оној неолиберален тренд „да се користи жената и нејзиниот труд, а да не се признава“ е континуитет.

Навистина ме свести. И ме вознемири. Но, во борбата против работничкото угнетувањето на жените, вознемиреноста, па ни гневот не се доволни. Ниту е доволно да се знае што значи да се биде работничка во постојниот неокапиталистички поредок. Потребно е да се зајакнеме за да го укинеме работничкото угнетување што низ вековите системски ги толчи и жените.

Како и секоја година, многу се пишува и зборува за Први мај. Пораките тукуречи секојпат се од слична или иста природа. Сепак, она што мене лично ме допира е и идејата за социјална правда. За од идеја да стане реалност, како општество мора да го смениме начинот на кој гледаме на распределбата на трудот. Треба да ја смениме парадигмата за тоа како ги поимаме и вреднуваме грижата и негата за децата и за старите, улогите на грижа и одговорностите за грижата во семејството, па и пошироко од тоа. Иако грижата е суштинска за нашето постоење, таа од памтивек е целосно препишана само на контото на жените – и исто толку долго е и неплатена.

Па така, не минува ни еден Први мај без да си ја спомнам Ленка. Ленка за мене е симбол на неплатениот женски труд и грижа – и дома и надвор од дома. Труд кој ѝ го урнисува здравјето, труд кој ѝ ги краде соништата. Труд кој и ден-денес жените ги става во безизлезна ситуација, им ги врзува рацете кога треба да го кројат својот живот, и им накалемува невидлив товар. Оттука, Рациновите стихови за Ленка за мене се стихови за социјална правда – повик за признавање на потребата од трудот и од грижа за здравјето, пред сè, за своето. Но, не помалку важно, тие се и повик да се уважат соништата на жените и да се осигураат можностите и условите за тие да може да се остварат.

Затоа силно верувам дека ни е потребна трансформација на зацврстените општествени улоги. Дури кога оваа трансформација ќе се случи, ќе може да кажеме дека сме на патот кон социјална, па и економска правда за жените. Ако сакаме да стигнеме дотаму, на тој пат мора да ни се придружат и мажите – за да можеме заеднички да ги преиспитуваме односите на моќ и нивната улога во нерамноправноста и експлоатацијата и за да можат и тие да преземат половина од репродуктивната грижа без која општествен напредок нема.

Но она без кое никако не смееме да тргнеме натаму е женската солидарност. За да успееме во борбата за женската еманципација, таа ни е исто толку нужна колку и теориското согледување на историјата и состојбите. Та благодарение на неа, и покрај експлоатацијата, насилството, презирот и сиромаштијата, жените, малку по малку, ја променија сликата за својата положба во светот. Има непобитна моќ во женската солидарност, па дури и неопислива сила која допрва треба да ја сфатиме. Жените ги спојува заедничкото искуство на патријархално угнетување, непризнаениот труд, сеприсутната контрола врз телата – кои на секој чекор се исправаат како пречки на патот кон рамноправен и правичен свет.

Солидарноста меѓу жените се согледува и во заедничкото искуство на страдањето. Оттука, женското здружување и солидарност (мора да) се во основата на борбата против штетниот, ко пиреј присутен, патријархат – било да станува збор за спротивставување на говорот на омраза кон политичарките или на секојдневното сексуално насилство врз жените и девојчињата, недостигот на гинеколошка грижа за Ромките, злоупотребата на трудот на текстилните работнички или воведување на платеното породилно отсуство за земјоделките. Во практична и применлива смисла, женската солидарност значи сочувство, разбирање, љубезност, нежност, поддршка, сослушување, поттик, инспирација и мотивација од една за друга. Значи препознавање и признавање на придонесот на секоја жена, но и на потребата за помош и поддршка – дури и кога станува збор за правата и добросостојбата на само една жена!

Затоа, за мене Први мај преставува значајна политичка борба за работничките права на жените – жените чиј идентитет е поврзан со работата, со непризнаената работа, со немањето работа поради потеклото, со нивниот социјален статус поради кој служат за потсмев и презир, со нивниот образовен статус поради кој се целосно исклучени од демократките процеси, со нивната попреченост поради која се оставени на маргините на општеството.

## Да живее Ленка!
## Да живее Први мај!

линк до колумната

15.05.2023 г.

# ВНИМАВАЈТЕ КОГО МРАЗИТЕ – МОЖЕБИ Е НЕКОЈ ШТО ГО САКАТЕ!?

Пишува: Румена Ѓердовска-Којчески,
претседателка на Управниот одбор на ХЕРА



Како социјална работничка која долги години работи со луѓе кои живеат со ХИВ, а во исто време и како активистка за човекови права, најмногу ме допираат приказните на младите геј луѓе и начинот на кој тие го прифаќаат ХИВ-позитивниот статус. Како родител кој расте две машки деца, мојата борба против хомофобијата, ХИВ-стигмата и неправдите кон овие млади луѓе ја доживувам уште полично и попредизвикувачки.

Најголемиот дел од времето на професионален план го посветувам на поддршката на лицата кои живеат со ХИВ, за начинот како да го споделат својот ХИВ-позитивен статус со своите блиски, партнери, семејства. Штом го отвориме прашањето за обелоденување на ХИВ во кругот на семејството, се отвора Пандорината кутија, а од неа излегува осуда, негирање и презир. Презир кон родителите, братот или сестрата, близок роднина или врсник, презир што го стекнале уште во детството или пубертетот. Траумите од овие бурни години кои ги носат длабоко во својата млада душа најпрво потекнуваат од родителите кои очекуваат нивното дете да се ожени и да има свое дете, од братот кој се срами од својот „феминизиран брат“, од друг член на семејството кој е полн со омраза за хомосексуалците „кои бараат некакви си права“, но и од врсниците кои немилосрдно го отфрлаат, обележуваат и исмеваат. Сепак, најголемата траума доаѓа од презирот кон самиот себе – најстрашната интернализирана осуда за тоа кој е, токму поради очите со кои општеството гледа на него.

Потиснување на чувствата на привлечност кон истиот пол, вина, срам, осаменост и незадоволство од својот живот се првите проблеми со кои младите геј луѓе растат и почнуваат да го градат својот идентитет. И додека се пронаоѓаат и дефинираат себеси како хомосексуалци, ја започнуваат и личната борба со сопствените демони: неприфаќањето на својот геј идентитет, очајната желба да се променат и да ја „излекуваат“ хомосексуалноста. „Излегувањето од плакарот“ или изговарање на реченицата „јас сум геј“ пред родителите е нешто што упорно се одложува, а многу често никогаш не се случува. Неможноста да се отворат и да разговараат со родителите најчесто се должи на негативните ставови кои катадневно и насекаде ги слушаат за хомосексуалците, на хомофобичните изјави со кои се среќаваат при контактот со роднини и пријатели, па сè до непријателските реакции кои поттикнуваат и физичко насилство. Едноставно, чувствуваат како нивните блиски просто „ги мразат хомосексуалците“.

Е токму тие најблиски – родителите, кои му посакуваат сè најдобро на своето дете и од најмала возраст се грижат за него, се посветуваат да биде физички здраво и право, во одреден клучен момент потфрлуваат. Токму кога на детето му е најпотребно да го прифатат, да го заштитат од суровата средина и да му покажат дека се тука за него, тие почнуваат со критики, негирање, закани и хомофобични ставови. Едноставно, му покажуваат дека не го прифаќаат како такво. Го доживуваат со доза на мразење бидејќи е „срам за семејството“, се плашат што ќе кажат пријателите, комшиите, другите. И така семејната благосостојба ја заменуваат лаги, затворање во соба, затворање во себе. Отсуството на разбирање и на прифаќање од родителите и поширокото семејство раѓа гнев и чувство на отфрленост. Негативните реакции од средината и обидите на сите околу него да го „преобратат“ и „вратат на вистинскиот пат“ придонесуваат тој да си создаде негативна слика за себе, испреплетена со силно чувство на беспомошност и срам. А подоцна во животот, критиките, забраните, негирањето и стравот стануваат единствениот можен образец на функционирање. Кај голем број од овие млади луѓе менталното здравје се влошува, пред сè, поради неприфатеноста и непожелниот статус во средината во која растат и се осознаваат. Секако, кон ова во голема мера придонесуваат и искуствата на вербално малтретирање и физичко насилство.

Па сепак, голем број на млади геј луѓе успеваат да се самоприфатат и да ја надминат интернализираната стигма. Со текот на времето и со помош од најблиските пријатели, пошироката геј заедница или стручни лица, тие ја прифаќаат својата сексуална орентација и почнуваат да живеат со неа. Развиваат отпорност за соочување со стрес, успеваат да ја задржат својата сигурност и самодоверба. Почнуваат да чекорат посмело во социјалниот и љубовниот живот… и, се случува, некои токму тогаш да се соочат со ХИВ.

Како дотогаш искусената хомофобија во семејството, недостигот на емпатија и разбирање да не беа доволно! Ова ги погодува како гром од ведро небо – па се прашуваат дали да кажат дома или не. Одново се појавуваат стравот, анксиозноста, психосоматските болести… Па одлуката на крај станува јасна: не сакаат со никого од семејството да го споделат својот ХИВ-статус. Не сакаат одново да бидат жртва, овојпат на двојната стигма и осуда.

И колку и да му објаснувам на тој млад човек дека ќе му биде потребна помош и поддршка од најблиските, дека ќе му треба разговор за проблемите на кои ќе наидува, за чувствата со кои ќе се соочува, одговорот останува ист: семејството не е местото каде што се чувствува заштитено, сакано и разбрано. Семејството не смее да го дознае неговиот ХИВ-позитивен статус.

Во вакви ситуации не можам да не размислувам и за грешките и пропустите што ги направиле родителите на овие луѓе. Ги отуѓиле сопствените деца, кренале ѕид меѓу себе и нив и така остануваат несвесни дури и кога нивните најмили се соочуваат со сериозни животни проблеми. Децата за нив станале апсолутни туѓинци за кои не знаат повеќе ништо.

По секоја ваква искрена исповед од млад човек, си ветувам самата на себе дека ќе ги растам моите деца ослободени од стравот и од предрасудите за нивните животни избори. Ќе дадам сè од себе за да знаат дека како мајка сум секогаш тука за нив, со надеж дека само така ќе можат потсвесно во себе да ја носат мислата „ова мора да ѝ го кажам на мама, таа најдобро ќе знае како да се справам“ наместо „за ова мама не смее да дознае.“ А на сите мои блиски, познаници и сограѓани им порачувам: Внимавајте кого мразите, можеби е некој што го сакате!

линк до колумната

30.05.2023 г.

# НЕЕДНАКВИ МЕЃУ ЕДНАКВИТЕ

Пишува: Ева Спасевска,
правничка и проектна координаторка во ХЕРА



„Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од пол, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“ – член 9, Устав на Република Северна Македонија

Кога го читам пропишаното во Уставот, си велам, ова се стандарди кои државата несомнено треба да ни ги гарантира нам, како нејзини граѓани. Принципот на еднаквост е тука да ни покаже дека сите ние сме рамноправни во уживањето на основните права и слободи, без да нè ограничи поради нашите лични карактеристики. Но, колку овој принцип се применува во пракса?

Еве, да си замислиме едно вакво сценарио: моментално си во осмиот месец од бременоста. Досега контролите покажуваат дека сè е во ред, но одеднаш чувствуваш мачнини и голема малаксаност, па одлучуваш да се упатиш во болницата каде што ја водиш својата бременост. Пристигнуваш со мака и тешкотија, и гледаш дека пред тебе докторот има за прием две пациентки со породилни болки, а во меѓувреме пристигнуваат уште две кои ниту се бремени, ниту имаат упат. Па, седнуваш и чекаш да ти дојде редот, секако, давајќи им предност на жените кои се пред породување. Кога доаѓа твојот ред, докторот сепак одлучува дека нема да те прими, иако е запознаен со твојата здравствена состојба. Повторно чекаш. Влегува една пациентка на

преглед, влегува и друга, трета… а ти сè уште чекаш и се прашуваш дали ќе дојдеш и ти на ред. Е сега, бидејќи се побуни за третманот со кој се соочи, докторот одлучи дека ќе те остави да чекаш да те прегледа специјализант, а кога повторно влезе кај него за да ти го потпише извештајот, тој те испрати со зборовите „Мрш стоко, излези надвор!“.

Кога прв пат ја слушнав оваа животна приказна, си реков, сигурно во оваа сложувалка нешто недостига, не е возможно да се нашла бремена жена со мака во ваква ситуација. Многу набрзо го најдов делчето што недостигаше – жената е Ромка. Па, како да ѝ кажам на оваа Ромка дека според Уставот сите граѓани се еднакви и дека според закон сите здравствени услуги (треба да) се достапни за сите пациенти, еднакво и без дискриминација?

Во глава ми поминаа многу мисли и прашања. Со оглед на загрижувачкиот број на малолетнички бремености во нашата држава, си помислив, кој знае колкав е бројот на Ромките кои не сакаат да имаат деца, барем не на таа возраст, но на кои традицијата им налага да создадат многудетно семејство – бидејќи само така ќе може да се сметаат за успешни! Колкав ли е, пак, бројот на Ромки кои речиси никогаш не слушнале за контрацептивни средства, или пак, на оние кои знаат што е контрацепција, но кои поради стигмата мислат дека ако некогаш ја употребат, тогаш тоа значи дека прават нешто лошо или забрането и дека не си ги сакаат децата или партнерот?

Ако државата е таа која треба да ни ги гарантира правата, тогаш таа треба да биде и главниот едукатор за нив. Државата е таа која преку своите механизми треба на сите нас, вклучително и на Ромките, да ни укаже на можностите за спречување непланирана бременост, наместо од година во година сè повеќе да ги крати буџетите за контрацептивни средства. Државата е таа што треба да го најде соодветниот начин за да ѝ даде до знаење на Ромката дека ако мажот е „главата“ на семејството и единствениот кој придонесува во семејниот буџет, тогаш многу тешко ќе може таа да излезе од кругот на насилството во домот. Државата е таа што треба да ѝ укаже дека и Ромките имаат еднакви можности за вработување како и сите останати етнички заедници и дека и тие можат да стекнат економска независност.

Честопати се соочувам со луѓе кои мислат дека случаите како овој со бремената Ромка се изолирани, бидејќи во денешново модерно време, секој од нас има пристап до информации и може да го дознае одговорот на секое прашање. Но, исто толку пати се среќавам и со Ромки кои живеат на маргините на општеството и кои се соочуваат со низа бариери кога сакаат да преминат на „оваа страна“ од општеството, каде што вакви прекршувања на правата се онолку незамисливи колку што и брзо се релативизираат и заборават. Ромки кои секојдневно се жртви на институционална дискриминација, општествена стигма и предрасуди, оставени на милоста и немилоста на штетните

традиции пред кои дури и државата ведне глава. Ако правото ни покажува дека државните органи се слика на институцијата држава, тогаш кога се Ромките во прашање, државата дефинитивно – и упорно! – потфрла.

Па, важи ли принципот на еднаквост за сите или сепак некој е помалку еднаков меѓу еднаквите? Се разбира, ова прашање одамна е реторичко, а паролата дека ова општество е општество за сите – празна флоскула. Уважувањето на искуствата на Ромките – и на сите останати што преживуваат на маргините на општеството – е првиот чекор кон градење држава во која сите граѓани ќе бидат граѓани, онака како што предвидува Уставот.

линк до колумната

12.06.2023 г.

# КОГА ПРИРОДНОТО ГО СМЕТАМЕ ЗА НЕПРИРОДНО, ДОБИВАМЕ АНТИРОДОВА ПРОПАГАНДА

Пишува: Драгана Дрндаревска,
членка на Управниот одбор на ХЕРА



Многу е смешно и бизарно тврдењето дека кога зборуваме за род, родова еднаквост и родов идентитет наметнуваме „родова идеологија“. Зошто? Па затоа што со ова тврдење се цели да се укаже дека спротивно на „природното“, на што без исклучок се надоврзува и зборот „нормално“ или „од Бога дадено“, неколкумина сакаат да го наметнат своето мислење или светоглед, кој секојпат е погрешен и неморален. Така во јавноста се конструира мислењето дека се бранат непобитните факти, природата и здравиот разум, наспроти движењата за родова еднаквост и за права на ЛГБТИ луѓето кои сакаат на целото општество да му наметнат некаква си идеологија, во најмала рака опасна!

Ни на крај памет не ни паѓа – како општество – да го преиспитаме тврдењето дека во природата постојат само мажи и жени и ништо повеќе ниту тврдењето дека сите тие се хетеросексуални зашто само така може да опстане видот. „Едноставно и логично“. Но, за жал, вистината е многу посложена и ретко кој има време и волја да ја чуе и разбере. Многу е полесно да се прифатат лесни поедноставени одговори наместо да се одвојат време, ресурси и капацитети за правилно да се разберат родовата еднаквост, сексуалноста, родот и полот. Професионалци од различни полиња, како психолози, филозофи, социолози, правници, теоретичари, биолози, со години работиме, истражуваме, предлагаме политики во разни области и пишуваме трудови за да се разберат овие комплексни релации кои го дефинираат човековото искуство. Напроти цел

овој корпус на теорија и практика од повеќе научни дисциплини, Советот на Ново Село, по предлог на градоначалникот Ѓорѓе Божинов одлучи кратко, јасно и едноставно: „Под жена се подразбира лице родено со женски биолошки пол, а под маж се подразбира лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивната самоидентификација“.

Е, арно ама, вистината е дека ниту полот, сфатен како биолошки и физиолошки карактеристики коишто ја дефинираат единката како женско или машко, не е бинарен, а не, пак, родот. Токму природата ни покажува дека и полот е спектар. Она што е неприродно е токму бинарното дефинирање на полот од проста причина што е општествено конструирано! Според податоците од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (УГАК), во Северна Македонија се раѓаат бебиња кои според половите органи, ткивото, хромозомскиот статус и слично може да се сместат на спектарот на интерсексуалноста. „Искуствата на нашата клиника (се мисли на УГАК) се најчесто поврзани со лицата со интерсексуалност, и тоа од специјалистите на Одделението за детска и адолесцентна гинекологија и ендокринологија, како и одделенијата за оперативна гинекологија. Ова искуство се однесува на дијагностицирање и третман на интерсексуалноста. Оперативни процедури кои се изведувале и изведуваат се за пациенти со интерсексуалност, псеудохермафродитизам или тестикуларна феминизација, или т.н. Androgen Insensitivity Syndrome (AIS). Од тие оперативни процедури, гонадектомијата лапароскопски или со отворен пристап е најчеста, па следи вагинопластиката.“[1]

Интерсексуалноста не е болест, туку едноставен факт од природата. Но, нашето општество одлучило дека луѓето се делат на мажи и жени и на ништо повеќе, па на овие бебиња им ја наметнува оваа исклучувачка идеолошка позиција. Потоа, за да докаже дека овој светоглед е единствениот точен и исправен, нашето општество оформува институции, образува кадар и одвојува финансиски средтсва за на интерсекс бебињата да може да се изведат хируршки зафати со кои ќе вклапат во една од категориите – или маж или жена. Многу е јасно: перцепцијата дека постојат мажи и жени е општествена норма бидејќи така се договорило мнозинството што има моќ да воспоставува норми. Па, овие бебиња чие постоење неспорно го потврдува фактот дека верувањето дека постојат само мажи и жени е идеологија, а не природа, мора да се нормализираат според бинарниот светоглед. Изложувањето на интерсекс бебињата на хируршки интервенции за нормализација отвора бројни морални дилеми и прашања за повреда на човековите права. Дали е во ред да му се изведуваат медицински неоправдани хируршки интервенции на бебе

[1] Податоци од „Анализа на здрвствените потреби на транс луѓето и достапноста на здравствените услуги во Република Македонија“, И. Раиден и Н. Бошкова, Коалиција Маргини 2016 г.

кое не може да даде согласност? Дали на тој начин не се повредува неговата телесна автономија? Понатаму, дали и како се информира детето за ова подоцна во животот? Дали родителите имаат право да донесуваат вакви одлуки и да го нормализираат телото на бебето според својот светоглед?

Ништо од сето ова нас не нѐ интересира како општество. За оваа тема не разговараме! Важно е да направиме сѐ за востановените општествени норми да се заштитат, да се претставаат како апсолутни вистини и да опстојат, макар биле на штета на децата и на нивните права. И замислете ја иронијата – интерсекс бебе, кое било нормализирано пред да прогледа, поповите и анти-родовите активисти ќе го „штитат“ од образовен систем кој ќе го учи дека да, и интерсекс луѓе постојат!

Користењето на есенцијалистички аргументи, особено од животинскиот свет заради споредување на родовите односи и сексуалноста на животните со тие на човекот се банални бидејќи, од една страна, човечките општества се многу посложени и поразлични, а од друга, премногу антропоцентрично гледаме на овие релации во животнискиот свет низ призмата на родовите норми. Но, кога се наметнува мислењето дека транссескуалноста, трансродовоста и хомо(би)сексуалноста се неприродни, ајде да видиме што има во природата. Во животинскиот свет постои хомосексуалност и бисексуалност, многу почеста отколку што се претпоставува и тоа речиси кај сите животни – од птици, делфини и мајмуни до овци и лилјаци. Забележано е дека птици од ист пол се грижат за напуштено пиле (фламинга и пингвини), односно формираат „истополови семејства и посвојуваат деца“. Трансродовост или трансродово однесување се забележани кај повеќе видови змии, гуштери, инсекти, риби и птици. И тоа, слично како кај човекот, кај едни станува збор за целосна транзиција (повеќе видови риби), кај други само за присвојување на однесувања кои се типични за другиот пол (повеќе видови птици), а кај трети се менува дури и хормоналниот статус. Речиси кај сите видови животни се забележани интерсекс единки – од коњи и овци до ајкули, додека полжавите се главно интерсексуални.

Конечно, оние кои ја промовираат половата/родовата бинарност како дел од патријархалниот светоглед не го прават тоа поради неинформираност. Ниту се без сопствена агенда! Го прават бидејќи сакаат да ја спречат еманципацијата на жените и на ЛГБТИ луѓето, со што вредностите кај мнозинството од патријахални би се промениле во подемократски. И бидејќи најголеми губитници од ваквата општествена трансформација би биле токму оние кои имаат најголем бенефит од патријархатот – како МПЦ, ИЈЗ и останатите верски заедници. Верските заедници имаат поголема моќ во патријархални општества, додека во подемократските нивното влијание е маргинално. Секако, не заборавам ни на конзервативните политичари кои со години само гледа-

ат да прибираат гласови, заплашувајќи го населението со еманципираните жени, ЛГБТИ луѓето, мигрантите, Албанците и останатите дежурни плашила и страшила додека непречено си располагаат со нашите пари како со сопствениот џеб.

Додека движењата за родова еднаквост и ЛГБТИ правата со години работат за да се променат патријархалните вредности и за да се демократизира и еманципира целото општество, верските заедници заедно со повеќе новоформирани и добро финансирани здруженија активно работат за да се задржи статус-квото и уште повеќе, да се вратиме во времето кога верските заедници и конзервативните мажи имаа уште повеќе моќ и пари.

линк до колумната

27.06.2023 г.

# НАЈДОБРО ЗА НАШИТЕ ДЕЦА Е ДА СЕ ЗБОГУВАМЕ СО ПАТРИЈАРХАТОТ

Пишува: Драгана Дрндаревска,
членка на Управниот одбор на ХЕРА



Во изминативе неколку години се мобилизираат движења, во голема мера поддржани од МПЦ и од други верски заедници, кои се противат на унапредувањето на родовата еднаквост и на правата на ЛГБТИ луѓето. Верските заедници никогаш не им биле пријатели на феминистките, па нема зошто да биде поинаку и сега. Разликата е во тоа што сега се имаат малку ребрендирано, па се претставуваат како заштитници на жените и на децата, а трансродовите луѓе и родовата еднаквост ги прикажуваат како крајно опасни, особено за децата. Оваа фраза дури и кај нас се излити од употреба, така што секогаш кога ќе чуете дека сакаат да ги заштитат децата, знајте дека, всушност, сакаат да им ги негираат правата на жените и на ЛГБТИ луѓето. Со други зборови, нивното „заштита на децата" е синоним на „негирање на женските и ЛГБТИ правата".

Овие движења бараат терминот „родова" да се промени во „полова" еднаквост. Ова барање не е само терминолошка финеса. Прифаќањето на ваквата промена значи дека не гледаме дека луѓето се различно третирани поради родовите улоги, поради што правилата, стандардите и нормите различно важат во зависност од тоа дали некој е маж, жена или, пак, не може да се вклопи во овие бинарни претстави (транс или родово небинарно лице). Со ова барање се промовира идејата дека сите овие родови разлики, норми и улоги не треба да се менуваат зашто наводно се „природни" полови разлики меѓу

луѓето, со што се промовира зацврстување на патријархатот. Со негирањето на родот се одбива да се признае дека децата поминуваат низ процесот на родова социјализација, во кој уште од најмала возраст несвесно ги усвојуваат родот и родовите улоги што им ги наметнува патријархалното семејство и општество – и дека оттука произлегуваат понатамошните нееднаквости и насилството, неможноста да се реализира сопствениот потенцијал и да се живее своето автентично „јас“, што е непогрешлива формула за несреќни и насилни млади со бројни социјални проблеми.

Ако имаме предвид дека во патријархалната култура „удри по најслабиот“ е вообичаениот начин на градење на врските, тогаш јасно е како се третираат децата. Според последните завршни согледувања на Комитетот за правата на детето, токму насилството и дискриминацијата се области за кои се изразува загриженост. Бидејќи децата не котираат високо во патријархатот, тие се третирани како сопственост на мажот или, во најдобар случај, на родителите. Ова е видливо и во наративот на антиродовите движења. Тие се залагаат за апсолутни права на родителите да одлучуваат што децата смеат да учат, да читаат, да гледаат и слично, без да ги земат предвид нивните потреби. Па така, за нив децата се објекти на кои им се негираат капацитетите и можностите да донесат информирани одлуки, во согласност со возраста. Тврдењето дека „родителите знаат што е најдобро за нивните деца“ е мит. Родителите не се хомогена категорија, меѓу нив има луѓе со различни вредности и способности. Токму затоа државите основаат цел корпус на институции и законодавство што има за цел да ги заштити децата, кога нивните родители не постапуваат според најдобриот интерес на детето. Децата треба да се воспитуваат и образуваат во согласност со најновите научни сознанија од областа на детската психологија, педагогија, невронаука итн., за што родителите треба да добијат соодветни знаења и поддршка, наместо да се поттикнуваат да веруваат во митови за сопствените вродени капацитети за родителство.

Патријархалното семејство е расадник на родово засновано насилство во домот и надвор од него. Не е во најдобар интерес на ниту едно дете секојдневно да гледа како некој ја тепа и навредува мајка му. Не се ретки случаите во кои и детето е директна жртва на семејно насилство; напротив, во патријархалното семејство ќотекот е прифатлива „дисциплинска мерка“. Антиродовите движења се противат и на Истанбулската конвенција, како најзначаен правнообврзувачки инструмент на регинално ниво за заштита и превенција од семејно насилство. Самото ова го потврдува фактот дека ним воопшто не им е грижа за безбедноста и здравјето на децата.

Патријархалното семејство е подеднакво, а на различен начин штетно за секое дете, дури и ако не ги земеме предвид ЛГБТИ децата. Во него на момчињата им е дозволено да бидат насилни, а згора на тоа, и се учат да бидат

насилни. Татковците се фалат ако нивниот син се степал и победил и се разочаруваат ако не сакал да возврати со насилство. Девојчињата, пак, се учат на спротивното – да молчат и да трпат, да заземаат помалку простор, а преку постојано засрамување и прекорување се навикнуваат вината секојпат да ја бараат во себе. Уште од најмали, девојчињата (се) учат повеќе да ги вреднуваат момчињата кои се подоминантни, поагресивни и побогати, за подоцна во животот, кога ќе направат избор на партнер според овие параметри, да бидат осудувани. Дотолку повеќе, сите се чудиме „како тоа 10 години ја малтретирал, а дури сега пријавила?! Сигурно лаже, јас веднаш би пријавил". Родовата социјализација резултира со непрекинат натпревар во групите сегрегирани по род (момчиња и девојчиња), со тоа кој најдобро го преформира родот. Па така, најагресивното момче е алфа, а другата група е предводена од најженственото девојче. Наместо солидарност, прифаќање на различности, поттикнување да се најде и изрази свој и уникатен начин на бидување човек, се стимулира вкалапување, исклучување на различните и озборување.

Патријархатот е вредносна матрица која промовира и одобрува насилство кон „другите" и помеѓу мажите како дел од т.н. мачо/машка социјализација. За да имаме безбедни и среќни деца, треба што поскоро да ги менуваме родовите норми и како родители да се залагаме за родова еднаквост и во домот и во општеството. Главниот предизвик со кој се носам како мајка ми е да ги намалам штетите што неминовно ќе настанат од родовата социјализација, за да може моето дете да порасне во самоуверен, емпатичен и среќен млад човек. Мојот страв е дека нема да најдам поддршка за ова во поширокото семејство, во образовните институции, во медиумите, во културата итн. На моите трансродови пријатели гледам како на сојузници кои можат само да ми помогнат во неговото воспитување. Од нив ќе научи важни лекции за храброста да се живее автентичното „јас", за издржливоста и за упорноста, за важноста на градењето заедница заснована врз солидарност и поддршка.

линк до колумната

13.07.2023 г.

# МОЈОТ УЧЕНИК МАРКО

Пишува: Ана Попризова, училиштен психолог и членка на Управниот одбор на ХЕРА



Во амбиент на сериозно загрозување на правата на младите од ЛГБТИ заедницата, вжештени полемики за родот и родовите слободи и законската регулатива, чувствувам дека е моја професионална должност да зборувам за искуствата како училиштен психолог и наставник по психологија со речиси 30-годишен работен стаж.

Во налетот на голема грижа за децата и младите, актуелно изразена од Црквата и антиродовите здруженија, парадоксално никој не ги прашува токму нив, младите, за тоа кои се нивните потреби, како тие размислуваат, што тие чувствуваат кога возрасните не ги „земаат во обѕир“ и не ги вклучуваат во креирањето на закони по нивна мерка. Со овој текст сакам да им дадам глас на сите ученици и ученички од ЛГБТИ заедницата на кои сум им дала поддршка – низ приказната за мојот ученик Марко.

На крајот на секој час обично задавам вежба. Часот е посветен на методите и техниките во психологијата. Вежбаме интроспекција. „Дојдете во контакт со своите чувства, Обидете се да препознаете како се чувствувате во овој момент. Не брзајте!…Запишете ја својата интроспекција!” Секогаш прашувам дали некој сака да сподели пред останатите. Се јавуваат двајца. Споделуваат. Ги коментираме својствата на интроспекцијата, предностите и недостатоците на методот. Дискутираме за тоа во кои случаи може се користи. Им ги собирам задачите. Обично ги прегледувам и давам кратки пишани коментари. По два дена, ги прегледувам за да можам да им ги вратам на следниот час.

На еден лист читам: „Многу чудна вежба. Никогаш никој не ме прашал да опишам како се чувствувам…Тажно, немоќно, осамено…сакам да излезам од оваа кожа, да ме снема, да престанат сите мои страдања…“ Ме вознемирува текстот, погледнувам кој го пишувал. Името не ми е познато, бидејќи со учениците сум имала само четири часа од почеток на учебната година.

Размислував што да напишам во коментар. Пишувам: „Ја гледам твојата тага и безнадежност и ти благодарам што ја споделуваш со мене. Би можеле да поразговараме по часовите.“

Марко дојде во мојата канцеларија по часовите. Иако поминаа повеќе од десет години, сѐ уште му го помнам погледот – неговите зелени очи само трепнаа и засолзија кога за прв пат некому му сподели дека е хомосексуалец, геј.

Разговаравме долго, за тоа како почувствувал привлечност кон еден соученик уште во основно, како многу се срамел и самообвинувал за тоа, како се обидувал да има девојки, но не му одело. Како многу читал и истражувал на Интернет за да си објасни што му е.

Разговаравме за тоа дека кога неговите би дознале, татко му би го убил. Дека нема со кого да сподели, дека има само една другарка, но се плаши дека ако ѝ каже, таа нема повеќе да се дружи со него.

Разговараме за училиштето, за навредите, за потсмевот од соучениците. Ми кажува како во основно го малтретирале поради изгледот, го нарекувале педер, му ги кинеле книгите, го заклучувале во спортската соблекувална. За наставничката што кога го прозивала, му викала: „Ама што си ти, машко или женско?!“. За срамот, тишината и кнедлата во грлото додека стои пред соучениците. Во средно не го малтретираат бидејќи „им се трга на сите од патот“. На одмор седи сам во училница.

Разговараме за тоа дека навечер има кошмари и не може да спие, дека тешко учи откако некој под неговиот прозор во зградата со спреј напишал – Марко педер! Татко му бил страшно лут, му удрил шамар и го испрашувал за да „признае“ дека е педер. Дека баба му колнела дека е тоа ѓаволска работа. Дека почнува да добива панични напади. Дека мајка му сака да го носи на психијатар бидејќи мисли дека нешто не е во ред со него. Дека само седи сам во соба и не му се живее.

Го запознав Марко во четвртата година од неговото средно образование, му бев поддршка кога беше осамен и тажен, го охрабрував да се справува и да носи свои избори – онолку колку што знаев и умеев.

Денес Марко живее во странство. Има партнер веќе неколку години. Во странската земја се чувствува слободен, безбеден и задоволен дека не мора да ја крие својата сексуална ориентација. Никогаш не сподели со семејство-

то дека е геј, ама му тежи недореченоста, „животот во полусенка“, како што знае да каже. Понекогаш доживува анксиозни напади. Успешен е во професијата која ја работи. Останавме во контакт и понекогаш се гледаме кога е во Македонија.

Ова е само едно од низата вакви искуства што ми ги има донесено работата како психолог во средно училиште. Низ годините увидов дека сите се слични по притисокот и последиците врз менталното и емоционалното здравје што ги чувствуваат младите од ЛГБТИ заедницата. Панични напади, депресија, анксиозност. Неретко и обиди за самоубиство.

Истражувањата спроведени во рамките на Меѓународната лонгитудинална *Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај деца на училишна возраст на 11, 13 и на 15 години (ХБСЦ)*, во која нашата земја учествува веќе 20 години, ги потврдуваат претпоставките за исклучително тешката и нееднаква позиција на оваа група млади по нивното ментално, социјално и физичко здравје.

Младите на возраст од 11 до 13 години, со хомосексуална ориентација и со нетипични родови идентитети во Македонија се помалку поддржани од семејството и од врсниците, поизложени на насилства и на малтретирање, повеќе страдаат од психички проблеми и почесто размислуваат за самоубиство, во споредба со хетеросексуалните млади.

Секое второ момче или девојче, со хомосексуални склоности, или со трансродов идентитет, на возраст од 13 до 15 години, страда од депресивни чувства, а секое трето момче размислува на самоубиство. Едно од четири хомосексуални момчиња, на истата возраст, планирало самоубиство. Момчињата се позагрозени од девојчињата, што е исто така резултат на културата којашто не го простува родовото предавство на мажот.

Традиционалното семејство што мнозинството деца од Македонија го опишуваат како грижливо и од поддршка, за младите со хомосексуална ориентација и за трансродовите деца претставува првата точка на сопнување во откривањето и во развојот на сопствената сексуалност, на која се темели сликата за себе и формацијата на детскиот родов идентитет. Сличен е и односот на врсниците и на соучениците кон овие родово различни деца – особено ако се спореди со позитивното внимание што го добиваат хетеросексуалните млади. И не само во отсуството на поддршката, туку и во настојувањата тие да бидат обележени, казнети и исклучени учествуваат сите. Малтретирањето во училиште е дел од нивниот секојдневен живот. За жал, и македонскиот образовен систем не ги препознава сопствениот потенцијал и одговорноста во трансформацијата на традиционалните вредности, според демократски начела и човекови права, па најчесто ја игнорира состојбата.

На сето ова сега можеме да ја додадеме и заканата од осуда од Црквата, говорот на омраза, нетолеранцијата и  дискриминацијата присутни во јавноста. Ова само дополнително ја усложнува состојбата со менталното и емоционалното здравје на оваа група млади, бидејќи и тие потекнуваат од хетеросексуални семејства во кои се негува христијанскиот дух и се почитуваат верските празници и ритуали.

Ги оставаме ли овие млади сами да се справуваат со прифаќање на сопствената сексуалност? Без поддршка од семејството, училиштето и без постоење на институциоинален систем и закони. Кој ќе ја понесе одговорноста?

линк до колумната

12.09.2023 г.

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО: ЗОШТО ЗАТАЈУВАМЕ?

Пишува: Стефанија Сердарска, менаџерка на Првиот семеен центар на ХЕРА



Насилството не е индивидуален проблем, туку семеен и повеќегенерациски, а со тоа и општествен. Насилството не е еднократен случај, туку долготраен процес. Уште повеќе, насилството не е вродено однесување, туку научено.

Сето ова е толку добро познато што веќе звучи излитено. Постојат закони и мерки за спречување на насилство, темата е постојано актуелна, константно се апелира за подигање на свеста – а, сепак, бројките на нови случаи на насилство непрекинато растат. Особено бројките за семејно насилство. Ова неспорно укажува дека некоја алка во низата не држи; досегашните решенија потфрлаат во ефикасноста, а можеби и системот не е адекватен и дораснат да се справи со ситуацијата. Понекогаш дури ми се чини како повеќе да се работи кон нормализирање и прифаќање на семејното насилство како општествена појава, наместо кон негово спречување.

И бидејќи општествениот систем секојпат тежнее кон брзи решенија кои, патем, и досега имале минимален ефект во реалноста, целосно се занемарува прашањето „Зошто се јавува насилството?“, инаку клучно и логично прво да се постави, и директно се преминува на „Како да се реши?“.

Па така, наместо да го најдеме коренот на проблемот и оттаму да го изнајдеме решението, во пракса брзоплето ги третираме видливите површни симптоми, најчесто преку несреќниот вортекс на т.н. меѓуинституционална со-

работка која овозможува со години успешно да си ја префрламе топката од едни на други, со надеж дека сама по себе ќе исчезне – и дека никој нема да ја (по)бара.

Ако, пак, се постави прашањето зошто се јавува насилството, би требало да се запрашаме и зошто ваквото однесување е доминантно кај машката популација. Ако се запрашаме зошто го има во целото општество, би требало и да се запрашаме како општеството придонесува кон него? Ова се, исто така, добро познати факти, но пред нив институциите вртат глава и креваат раменици – а неретко и сосема ги игнорираат.

Поедноставно објаснување за овој сложен феномен може да се најде во родовите улоги така скроени од патријархатот за да креираат јаз во моќта и кои на мажот му ја доделуваат имагинарната улога на глава на семејсвото; во воспитно-образовниот систем кој остана да живее во некое минато време и кој попат го изгуби угледот на воспитна институција во која ќе се учи и за еднаквост и емпатија; во капиталистичките начела кои диктираат дека тој што заработува е тој што има позиција на моќ и што одлучува, што, главно, повторно е улога во која го гледаме мажот бидејќи жената најчесто останува дома за да се грижи за домот и за сите во него.

Но, ако се охрабриме да навлеземе подлабоко, тогаш ќе увидиме дека трансгенерациското пренесување на родовите улоги во семејството и на стереотипните ставови од типот на „машко си, не треба да плачеш“, „се степале, па машки деца се, тоа е нормално“ и останати апсурдни „воспитни“ коментари водат, од една страна, кон долгогодишно потиснување на емоциите што создава огромна внатрешна тензија и од друга страна, парадоксално, до оправдување на насилството и агресијата како своевиден издувен вентил. Така добиваме деца, а потоа и возрасни личности кои не знаат како да се носат со силните чувства ниту да се справат со секојдневните предизвици, особено ако станува збор за стресни реакции и лутина. Не знаат како конструктивно да ги надминат конфликите, па неретко сѐ сфаќаат лично, што можеби и не би било опасно доколку знаат како да си ги контролираат импулсите и фрустрацијата.

Многу често ова се должи и на фактот дека има повторена историја на насилство во семејството, што значи дека самите сторители биле жртви или сведоци на насилство. Или едноставно кажано, се создава армија од генерации и генерации на луѓе кои не можат лесно да се справат со себе, со своите мисли и чувства, а уште помалку со останатите околу нив.

Современата практика во превенцијата на насилство го препознава овој верижен систем на дисфункционално однесување и неспорно укажува на домино-ефектот од него. Токму затоа, за превенцијата да има долгорочен ефект,

покрај заштитата на жртвата и санкционирањето на сторителот, се потенцира и важноста од работа со самиот сторител. На тој начин, сторителот ги препознава наученото насилно однесување во сите форми и стереотипните улоги, ја согледува одговорноста за своите дела и последиците од нив, ги воочува своите емоции, импулси и сите научени и утврдени шеми кои водат кон насилство и така учи не само како да ги смени, туку и како да ги замени со нови конструктивни алтернативи.

Ако можам да издвојам една позитивна нота во целава ситуација со насилството кај нас, тогаш тоа е дека имаме усвоена пракса за работа со сторителите на насилство. Арно ама, иако делува и дава резултати, оваа пракса не е доволно препознаена ниту поддржана, па постепено но константно се подбутнува сѐ подолу на листата на наводни приоритети каде што евентуално ќе чека сѐ додека не згасне. А надлежните пак ќе гаат надеж дека никој нема да ја (по)бара, подместувајќи си го портокаловото шалче во ноември.

линк до колумната

25.09.2023 г.

# ЗОШТО СÈ УШТЕ НЕМАМЕ КОНТРАЦЕПЦИЈА НА ТОВАР НА ФОНДОТ?

Пишува: Весна Матевска,
психолог и програмска раководителка во ХЕРА



За жал, и ден-денес ми се случува да ги забележам чудните погледи што купувачите во маркетот ѝ ги упатуваат на млада девојка која на каса купува кондоми или, пак, да слушнам коментари околу нејзиниот морал. Ваквите коментари, обично секојпат „спакувани“ во добронамерност и загриженост не допираат до оние похрабрите, а особено не ако тоа се момчиња кои може уште и да се дофрлат дека се фраери бидејќи „вртат девојки, па затоа им требаат кондоми“. Но посрамежливите може да се поколебаат: сакајќи да ги избегнат погледите и коментарите дадени со намера да посрамотат, ќе се премислат и ќе ја одминат полицата со кондомите, што во пракса значи дека најверојатно ќе имаат ризичен сексуален однос.

Ова е вака бидејќи и ден-денес постојат табуа околу сексуалните врски и односи и погрешни информации за ефектите на апчињата и за спиралите. Велиме дека сме напреднале како човештво, дека живееме во 21. век, а и натаму немаме едукација ниту точни и проверени информации за овие прашања коишто ќе бидат навремено одговорени, соодветно на возраста и развојната фаза на младите. Оттука, тоа што имаме многу млади кои прерано се впуштаат во сексуални односи и тоа најчесто незаштитени или, пак, тоа што имаме стапки на тинејџерски бремености и абортуси повисоки од оние во Европа не треба да нè чуди. Но и тоа како треба да нè загрижува!

Колку за илустрација, во 2022 година стапката на тинејџерски бремености во земјава изнесува 14.5 на 1000 девојки на возраст од 15-19 години, а стапката на раѓања – 12.6 на 1000 раѓања од девојки на истата возраст. Односно, 4,1 % од сите раѓања лани се резултат на тинејџерски бремености или, попластично кажано, тоа се над 700 мајки на возраст меѓу 15 и 19 години!

Што ова значи за здравјето и добросостојбата на овие млади девојки? Предвременото породување, анемијата, високиот крвен притисок и сексуално преносливите инфекции се само некои од ризиците што ги носи тинејџерската бременост. Но покрај овие компликации, таа може да биде и животозагрозувачка! Ова, за жал, најубедливо го илустрира фактот дека во светот тинејџерската бременост е втората најчеста причина за смртност кај девојките на возраст меѓу 15 и 19 години.

Вака родените бебиња може да бидат со мала родилна тежина, но она што исто така може сериозно да влијае на добросостојбата на новата мајка и на бебето се чувството на тага во деновите по породувањето (т.н. “baby blues”) и поспородилната депресија која, според овдешно истражување од 2023 година, ја искусува секоја петта нова мајка.

И, се разбира, социјалните проблеми како што е продолжувањето на образованието. Да, девојките кои се малолетни или млади многу често го напуштаат училиштето затоа што треба да се грижат за новороденчето и за домот, но често и поради срам дека се бремени или дека станале мајки многу млади. Така ја пропуштаат можноста да се стекнат со вештини и квалификации кои би ги направиле конкурентни на пазарот на трудот и да се вработат што, логично, ги изложува на поголем ризик од сиромаштија или економска зависност. Во отсуство на системска поддршка – поддршка која нема да се потпира само на бабите и дедовците – малолетните мајки се носат со предизвикот да се откриваат и развиваат себеси и истовремено да ги осознаваат и да ги задоволуваат потребите на уште едно човечко суштество кое целосно зависи од нив.

„Не е крај на светот“, ќе рече некој. И донекаде можеби и би се согласила – но тоа не го менува фактот дека малолетничките бремености немаат ништо со добросостојбата на малолетните мајки! Ако алармантните бројки со право нè загрижуваат, тогаш редно е системски да го решиме проблемот – а тоа значи достапна модерна контрацепција и навремена и континуирана едукација за младите!

Иако политичките партии пред секои нови избори ветуваат, а младите, стручната докторска фела и граѓанските организации упорно бараат, и ден-денес нема ниту еден модерен контрацептив на товар на Фондот! Ниту, пак, бесплатна контрацепција за социјално ранливите групи на граѓани! А, да бидеме искрени, цените на кондомите и на оралната контрацепција нималку не

охрабруваат одговорно сексуално однесување, особено не среде економска криза и особено не меѓу младите кои немаат извор на приходи. Уште еден пример дека грижата за здравјето претставува луксуз е спиралата: доколку некоја девојка или жена сака да го користи овој контрацептив, треба да издвои околу 6000 денари од сопствениот буџет!

Се грижи ли државата за сексуалното и репродуктивното здравје ако за модерните контрацептиви се очекува граѓаните да платат 100 % од цената? Или кога во земјата постојат само два младински центра кои даваат бесплатна контрацепција? Логично ли е воопшто да мислиме дека во услови кога платата не стигнува за храна, ќе одвојуваме за контрацепција? Кога човек е гладен, може ли да мисли како да се заштити од непланирана бременост? Или од сексуално преносливи инфекции?

Сексуалноста е неделив дел од човечката природа, а сексуалните односи потреба. Сè додека заштитата на сексуалното и репродуктивното здравје не стане приоритет, а со тоа и навремената сексуална едукација секојдневие, најмалку третина од младите ќе го користат методот на повлекување и ќе мислат дека кондомот го намалува задоволството, дека два кондома штитат подобро од еден или, пак, дека „партнерот ќе ме чува". Абортусот, за среќа, е легално достапен и безбеден кај нас, но на него не би смеело да гледаме како на контрацептивно средство! Ако сака да го реши проблемот со тинејџерските бремености, државата може да си го исполни ветеното од пред 5-6 години и да ни овозможи на сите да уживаме во безбеден заштитен сексуален однос така што ќе обезбеди модерна контрацепција по мерка на нашиот џеб и достапна со партиципација. Како за почеток.

линк до колумната

04.10.2023 г.

# МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС? ПОТПИШУВАМ СО ДВЕ РАЦЕ.

Пишува: Нада Тофоска, социјален работник на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и членка на ХЕРА



Со задоцнување од околу триесетина години од почетоците на медикаментозниот абортус во светот, конечно, од 2021 година оваа здравствена услуга е достапна и кај нас. На иста страна застанаа владиниот и невладиниот сектор и со заеднички напор и заложби, медикаментозниот абортус почна да се практикува на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје. Но, и покрај не така занемарливото задоцнување, се чини, медикаментозниот абортус се воведе во Македонија во вистинско време. Пандемија на ковид-19! Со минимизирање на посетите на здравствените установи и рационализација на оптоварениот медицинскиот персонал, можноста за прекин на бременоста во домашни услови сосема се вклопи во мерките за превенција од ширење на вирусот!

Медикаментозниот абортус е процедура за прекин на бременоста со лекови (таблети) за чија употреба гинекологот прави проценка, ја ординира терапијата и го следи процесот. Предностите на медикаментозниот абортус, во однос на хируршките методи кои до пред неколку години беа единствена опција во Македонија, се бројни. Станува збор за неинвазивен метод поради што нема потреба од анестезија. Има ефикасност до 98 % и е многу поевтин од хируршкиот абортус. Со оглед на тоа што до 12-та недела на бременоста може да се изведе во домашни услови, во голема мера ги пресретнува по-

требите на жените и девојките за интимност и приватност, и плус им дава можност да си го планираат времето на прекин на бременоста според своите социјални, професионални и семејни околности.

Пред воопшто да се изведе оваа медицинска процедура, стручните лица споделуваат разбирливи информации за начинот на употреба на лековите, за очекуваните болки, за крвавењето и други симптоми кои се вообичаени за медикаментозниот абортус. Притоа, жените се информираат и како да ги препознаат евентуалните компликации и кога да се јават во соодветна здравствена установа, но и за методите на контрацепција и планирање на семејството, за хигиената и сексуалните односи по абортусот.

> „Во процесот на подготовка за прекин на бременоста кај млада девојка, здравствените работници и соработници препознаа знаци кои побудија сомнеж за сексуална злоупотреба. Со професионално постапување и процесуирање на случајот, девојката не само што доби пристап до безбеден абортус, туку беше извадена од канџите на сексуалното насилство што го трпела во нејзиното семејство.“

> „Млада жена во разговор со социјален работник споделува дека трпела психичко насилство од вонбрачен партнер. Поради тоа беше упатена во Првиот семеен центар на ХЕРА, за понатамошна поддршка во справувањето со проблемот.“

> „Млада девојка е во стабилна љубовна врска со долгогодишен партнер и ја сака бременоста. Но, поради различна етничка припадност, семејствата не ја одобруваат врската, поради што тие трпат голем притисок. Во прекинот на бременоста девојката гледа единствен излез. Таа добива советување за сè во врска со медикаментозниот абортус, но дадена е и можност да не ја донесе одлуката за прекин веднаш. Ѝ беше дадена психосоцијална поддршка и во неколку наврати разговараше со социјалниот работник и со докторите, но и со семејството и партнерот. По ова, задоволна соопшти река решила да ја продолжи бременоста и со партнерот да станат родители.“

Зелено светло за медикаментозниот абортус даваат и жените кои ја користеле оваа здравствена услуга. Во рамките на истражувањето „Медикаментозен абортус во прв и втор триместар – пилот студија во Република Северна Македонија“, 90,28 % од пациентките кои ја прекинале бременоста до 12-та недела во домашни услови биле многу задоволни. Доколку треба да прекинат друга бременост, 96 % од испитаничките повторно би го избрале медикаментозниот наспроти хируршкиот абортус. Мнозинството би ѝ го препорачале медикаментозниот абортус на друга жена, иако најголем број од нив се соо-

чиле со болки и грчеви, што според нив е и најнепријатното кај овој начин на прекин на бременоста. Конечно, 98,6 % одговориле дека добиле детални и точни информации од медицинскиот тим за текот, можните компликации и несаканите ефекти, како и за контрацепција по абортусот.

Но, за чиста петка треба уште да се работи! Ајде и понатаму власта и невладините организации да работат на обезбедување квалитетна здравствена заштита заради остварување на правата на жените. Неопходно е да се регистрираат лековите за медикаментозен абортус, за да може во континуитет да се гарантира неговата достапност на територија на целата држава и на сите нивоа на здравствената заштита. Конечно, давателите на здравствени услуги, покрај стручните и научни знаења и вештини мора да ги усовршуваат и човечките аспекти во комуникацијата и постапувањето со жени кои ја прекинуваат бременоста – бидејќи жените заслужуваат почит и хуман третман, а не стигма, солзи и траума.

линк до колумната

25.10.2023 г.

# СМРТ ЗА ФАШИЗМОТ, РЕПРОДУКТИВНА СЛОБОДА ЗА НАС!

Пишува: Андријана Папиќ Манчева,
координаторка за комуникации во ХЕРА



Долго пред да станам дел од ХЕРА, бев меѓу луѓето што протестираа на улица против тогашниот закон за абортус. Прекуноќ донесен пред десетина години, овој закон беше логичен след на грозоморните постери што со месеци претходно и во огромен тираж стоеја залепени на тарабите и автобуските низ градот и на рекламите што предизвикуваа гадење и ја билдаа ненасушната потреба да се најде виновник, да се заземаат страни и да се дава мислење што никој не го бара. И, во најмала рака, да ѝ се лепат етикети на секоја што, сакала или не, ќе ги изневери очекувањата коишто почнуваат невидливо да ни го кројат патот уште пред да ни го направат Апгар-тестот[1]. Целата владина кампања, совршено спроведена според рецепт што на големо и од поодамна го користат антиродовите движења низ светот, беше платена со народни пари и катадневно видлива и преку јавниот национален сервис – иако не беше за „општо добро“! За мое, знам, сигурно не беше.

Не памтам дека дома некогаш дотогаш сме зборувале за абортус ниту, пак, за што било поврзано со сексуалноста или репродуктивните права. Ниту дека е исклучително важно да се оди на протести. Тогаш не бев сигурна што точно ме одведе на улица, но памтам како тивко во себе си мислев дека нешто не е во ред, дека се случува нешто што не смее да се случи. И неминовно низ

[1] АПГАР-тестот е универзален начин да се утврди виталноста на бебето за да се воочат евентуални вродени проблеми и аномалии. Се прави во родилиштето во првите пет минути по раѓањето.

глава ми пројде и мислата што ако јас некогаш треба да направам абортус. Ќе можам ли, со таков закон?

Тогаш не знаев дека одговорот на ова прашање ќе го добијам набрзо, на лична адреса. Мислам дека единствениот пат во животот кога сум почувствувала како ми го снемува тлото под нозе беше кога дознав дека сум бремена. Непланирано бремена. Бев бесна, плачев, викав. Се тресев. Бев беспомошна зашто знаев дека што и да се случи од тој момент натаму, животот нема да тече како што јас сакав. Можеби и немав кој знае што испланирано, ама дете не доаѓаше предвид. Додека се возев на лудата железница од емоции, ме смрзна помислата дека абортусот по барање кај нас беше тукуречи невозможна мисија.

Афектот ко олуја пројде, се потсмирив и неосетно го занемарив гласот во себе што пред неполн месец врискаше дека само јас можам да одлучам кога ќе станам родител. Требаше да поминат години за да сфатам дека од мојот внатрешен глас тогаш погласен беше гласот на општеството за тоа што се очекувањата од мене како жена – а јас од мали нозе научена да ги исполнувам. Бев во долга врска, па иако непланирана, бременоста лека-полека ни стана дел од новата реалност. Вториот удар дојде кога гинекологот ни кажа дека фетусот има малформација. Абортусот повторно стана единствената опција.

И така од прва рака, во одредена мера искусив што значи да правиш абортус во држава каде што абортусот стануваше сè потешко достапен. Не случајно велам во одредена мера бидејќи ми се чини дека сепак, парадоксално, бев во завидна ситуација: од денешна перспектива навистина мислам дека имав среќа во несреќа бидејќи абортусот поради медицински причини не само што тогаш беше единствено извесно достапен, туку и бесплатен. Ама тоа што лекарите без грижа на совест го потпишаа решението, воопшто не значеше дека беше лесно да се пројде низ целата процедура.

Зошто го велам ова? Па затоа што иако и јас и лекарите знаевме што треба да се стори, морав да чекам три дена и морав да добијам советување кое беше до толку проформа што никој не ми објасни како ќе тече абортусот, ниту ми спомна нешто за контрацепција, а камоли да ме праша дали ми треба некој со мене за да имам поддршка.

Тие три дена чекање станаа цела недела затоа што комисијата заседаваше еднаш неделно. Цела недела се будев и заспивав со чувство дека во мене има нешто што нема потреба да биде таму. Сè додека, години подоцна, не легнав на бокс за да го родам првото дете, мислев дека не постои посилна физичка болка од таа што ја чувствував за време на абортусот. Од оваа перспектива не ми се ни верува дека низ сето тоа поминав сама – без ниту еден свој поради строгите болнички правила. Ама години подоцна, секојпат кога ќе си приспомнам за абортусот, без утка ми текнува и на медицинската сестра која бесчувствително побара да не викам толку силно, велејќи „Јас ли сум ти кри-

ва?“. За првпат во животот тогаш ми успеа да одговорам ко што треба во вистинскиот момент, па ја прашав „А јас ли сум крива?“ Реторички, се разбира.

Десет години по протестите, имам деца со истиот човек кој остана со мене и тогаш безусловно ме поддржа. Имаме и нов закон за абортус. Имаме и медикаментозен абортус, кој оди рака подрака со психолошка поддршка. Ама тоа не значи дека стигмата и предрасудите околу абортусот се историја. Баш напротив.

Немаме сеопфатно сексуално образование кое навреме би ги учело младите за контрацепција – во случај родителите да не (знаат да) ги учат, а немаме ни достапна контрацепција. Муабет на темава – уште помалку. Но, затоа имаме и антиродово движење во чии редови има долгогодишни противници на правото на абортус, па дури и организации кои под капата на претходниот регресивен закон посветено и легално работеа да ги одвратат бремените жени од намерата да абортираат.

Ако може да се научи нешто од образецот на делување на антиродовите движења низ Европа и светот, тоа е дека по правата на ЛГБТИ луѓето, а особено на трансродовите луѓе, следна мета е токму правото на абортус. Полска, каде што во изминатите две години бремени жени и мајки умреа додека лекарите од страв чекаа прво да му престане срцевата функција на фетусот, е најцрниот пример за крајноста до која може општеството да стигне, само декларативно тврдејќи – исто како и овдешново антиродово движење – дека им мисли добро на жените. Уште еден, не помалку загрижувачки, е Хрватска каде што секоја прва сабота во месецот мажи клечат на главните плоштади во повеќе градови, молејќи се, меѓудругото, токму против истово право.

Ова е реалноста што нè опкружува денес, речиси половина век откако во Уставот на поранешна Југославија било запишано дека „Човекот има право слободно да одлучи за раѓање деца“. Откако станав дел од ХЕРА, станав баеги посвесна дека еднаш стекнатите права, иако основни човекови, не се вечни. Особено ако се поврзани со репродуктивното здравје на жените. Баш затоа мора да ни биде јасно дека кога се засилуваат бесмислиците, каде и да се случува тоа, порано или подоцна мета може да бидат (и) нашите тела и животи. Ако не сме будни и спремни барем да ги наречеме нештата со вистинското име, сето она што сме го направиле и што допрва сакаме да го направиме може прекуноќ да се сруши ко кула од карти!

Сфатив и дека на улица тогаш ме поведе поривот за репродуктивна слобода – затоа што нема ништо суштински поважно од тоа да можам самостојно да одлучувам што ќе се случува со моето тело и како ќе тече мојот живот. И затоа што кога некој сака слободата на лажиче да ја дава или сосема да ја земе, единствената моќ што ја имам е да кажам „не“.

линк до колумната

08.11.2023 г.

# ОХРАБРУВАМЕ ПРИЈАВУВАЊЕ ИЛИ СТИМУЛИРАМЕ ПРЕМОЛЧУВАЊЕ?

Пишува: Ева Спасевска,
правничка и проектна координаторка во ХЕРА



Во раните адолесцентни години мојата перцепција за една романтична врска најмногу се базираше на популарните романтични филмови, кои ја идеализираа љубовта како доволно добра причина за надминување на секое недоразбирање помеѓу партнерите. Мислев дека кога двајца се сакаат, секој проблем се решава со разговор и дека никој не може да те повреди во име на љубовта. Но, подоцна дознав дека не е сè така „розево“.

Кога започнаа романтичните врски, честопати бев сведок на кавгите на другарка ми со нејзиниот партнер, кои не секогаш се решаваа со разговор. Напротив, за прв пат дознав дека љубомората може да резултира со шлаканица, недоразбирањето со закана, а постојаното контролирање да биде оправдано со зборовите „не ти забранувам за твое лошо, го правам ова бидејќи се грижам за тебе“. Во ситуација кога немаш доволно информации ниту навремена едукација, многу лесно може оваа слика да стане сечија реалност. Оваа лекција ја научив и сама, по потешкиот пат, и токму тоа ми беше поттик да се едуцирам многу повеќе за формите на насилството со кои најчесто се соочуваат жените. Но, ова ми отвори други прашања – што останува за оние кои не се свесни што им се случува? Или, пак, со оние што се свесни, но не гледаат излез?

Насилството врз жените е појава која не познава национални, општествени или економски граници, но, одредени карактеристики придонесуваат некои

жени да се поподложни од останатите. Во нашата држава, тоа се Ромките – жени кои поради штетните традиции и стереотипите честопати немаат право да донесат сопствена одлука за своето образование, кариера, па дури ни за брачниот статус. А, кога жената е целосно зависна од партнерот и неговото семејство во секоја сфера од животот, не би требало да нѐ изненадува колку е лесно да се влезе во кругот на семејното насилство – и колку е тешко од него да се излезе.

Уште во 2017 година нашата држава ја ратификуваше Истанбулската конвенција чија главна цел е заштита и превенција од сите форми на насилство врз жените и од семејното насилство. Го имаме и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, кој изрично ја определува улогата на секоја од релевантните институции во заштитата и постапувањето по пријавените случаи на насилство. Со други зборови, може да се пофалиме дека имаме солидна теорија, но дали е ова доволно во пракса? Дали надлежните се запознаени со правната рамка, но и сензибилизирани за работа по случаите на насилство?

Ромките имаат специфична положба во општеството. Секојдневно се соочуваат со интерсекциска дискриминација – поради тоа што се жени и поради тоа што се Ромки – било да станува збор за пристапот до јавни услуги и добра или, пак, во областа на здравствената грижа и образованието.  Истото важи и за центрите за социјална работа каде што Ромките често се соочуваат со непочит и недостоинствено однесување од службените лица – и тоа само поради нивната етничка припадност и социјално-образовниот статус. Иронично, токму оваа институција има клучна улога во случаите на родово-базираното и семејното насилство врз жените.

Во текот на моето работно искуство со заедницата, многупати наидов на случаи на семејно насилство. Во дел од нив, жените беа запознаени со националната регулатива и беа храбри да се обратат до релевантните институции, дел беа свесни, но се плашеа да преземат нешто, а добар дел од нив воопшто не го препознаваа однесувањето на партнерите како форма на семејно насилство. Иако во првите искуства не можев да разберам зошто стравот од пријавување преовладува над стравот од живеење со насилникот, набрзо ја почувствував немоќта на овие жени – тогаш кога придружував млада Ромка на трнливиот пат кон излезот од насилството.

Па така, од прва рака видов колку е „охрабрувачки" во полициската станица да ги слушнеш зборовите „сега ли најде да го пријавиш… и онака ќе си се вратиш пак кај него" од страна на службеното лице кое треба да ти биде првиот чекор во заштитата. Или, пак, како е во ситуација кога одвај си спасила „жива глава" и си избегала без скршен денар, здравствениот работник да бара од тебе да го платиш прегледот за да можеш да го добиеш извештајот за

здобиените повреди, иако националната регулатива вели дека овие прегледи се бесплатни за жртвите на семејно насилство. Но, она што најмногу ме ужаснува е кога надлежните се однесуваат кон Ромките како да го заслужиле таквиот третман само затоа што се Ромки и затоа што тоа било нормално во нивната заедница.

Причината поради која голем број на Ромки одлучуваат да го премолчат насилството лежи во недовербата во институциите. Токму поради нефункционалноста на системот, кој жената жртва на насилство ја остава со чувство на беспомошност и препуштеност на самата себе, голем дел од жените трпат и траат. Затоа, јасно ми е дека животот не е романтичен филм – но, исто толку ми е јасно и дека кога нештата не можат да се решат со разговор, државата и општеството имаат одговорност да се погрижат за среќниот крај.

линк до колумната

28.11.2023 г.

# МОЖЕН ЛИ Е КРАЈ НА ХИВ – И НА ДРУГИТЕ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ?


| | |
|---|---|
| Пишува: | Андреј Сених, Извршен директор на Здружението на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ „Заедно посилни“ и член на ХЕРА |




Сите досегашни проценки укажуваат дека епидемијата на ХИВ во Македонија е на релативно ниско ниво. Тоа значи дека бројот на граѓани засегнати од овој вирус – независно дали се свесни за тоа или не – е во секој случај доста под 1000, а веројатно околу 500. Што се однесува до оној дел од „сантата мраз“ којшто е под вода и не го гледаме, исто така не станува збор за некакви застрашувачки размери. Имено, се проценува дека во последните неколку години, бројот на оние што не се дијагностицирани во кој било момент изнесува меѓу 100 и 200 лица. Сепак, останува прашањето како се справуваме како земја дури и со ова релативно ниско и релативно локализирано ниво на епидемија.

Честопати мислев дека токму релативно малиот број лица засегнати од ХИВ – како и нивната практична невидливост во јавниот простор – се причината што ова прашање добива несоодветно внимание од надлежните институции. Но, всушност, мошне слична, па и многу полоша е ситуацијата и со заболувања коишто засегаат повеќе илјади граѓани, како што се, на пример, хроничните хепатити Б и Ц. За овие инфекции не постои ниту веродостојна евиденција, ниту проценки. Нема ниту стратегија. Најмалку внимание, се чини, добиваат најчестите бактериски сексуално преносливи инфекции – сифилис, гонореа и хламидија.

Како некој што работи на оваа проблематика во граѓанскиот сектор, сведок сум – директно или индиректно – на најразлични анегдоти во врска со институционалниот третман на сексуално преносливите инфекции. Од шаблонската реакција „сифилис во 21. век?!“ кога ќе спомнете дека има зголемен пренос на оваа инфекција во последните неколку години, па сѐ до (буквално) поместување од место на доктор специјалист по дерматологија на соодветната универзитетска клиника во Скопје кога му се јавува пациент со веќе дијагностициран сифилис. Епидемиолошката евиденција на сексуално преносливите инфекции е најблаго кажано проблематична – со образложение дека дијагностицираните случаи наводно не се пријавуваат поради стигмата врзана за нив. Институтот за јавно здравје за прв пат извести за зголемен број случаи на сифилис дури оваа година за минатата 2022 година (22 регистрирани случаи), иако граѓанските организации преку своите здравствени програми ова го констатираа најмалку 3 години порано и алармираа за трендовите.

Лекувањето на споменатите инфективни заболувања во Македонија е исто така проблематично. Може да се каже дека најдобро стоиме кај ХИВ, бидејќи секое дијагностицирано лице веднаш може да пристапи кон антиретровирусна терапија, која е доживотна и целосно го потиснува вирусот во крвта на долг рок – до таа мера да не може да му штети на имунолошкиот систем, но и да не може да се пренесе преку сексуален однос. И додека поголемиот процент од пациентите примаат современи теаписки опции, сепак, околу 40 % од нив сѐ уште примаат лек (ефавиренз) кој не е препорачана опција ниту од Светската здравствена организација, ниту од Европското клиничко здружение за СИДА.

Значително полоша е ситуацијата со другите инфекции. Така, со современи терапии за хепатит Ц, кои постојат веќе 9 години и во рок од 3 месеци целосно го елиминираат вирусот кај над 95 % од лицата со хронична инфекција, во Македонија се лекуваат едвај 70 лица годишно, иако заболувањето засега повеќе илјади граѓани, а постепено води до цироза и до рак на црниот дроб.

Хепатитот Б, пак, во Македонија се лекува со лек за хронична терапија (ламивудин), кој се наоѓа на позитивната листа, но кој Светската здравствена организација веќе многу години наназад препорачува да не се користи за лекување на ова заболување, бидејќи предизвикува резистентност и нема долгорочен ефект, а други многу поефикасни терапии има! Едната од нив е стар лек (тенофовир), кој е достапен како генерички производ и одамна не е скап, но одговорните институции – пред сѐ, Министерството за здравство, а потоа и Фондот за здравствено осигурување, како и соодветните клиники, не наоѓаат за сходно да го обезбедат за пациентите.

Веројатно најтрагикомична е ситуацијата со сифилисот. Тој се лекува лесно – со стариот добар пеницилин (бензатин бензилпеницилин), кој е првопрепорачана терапија во меѓународните упатства за лекување. Но, пеницилинот веќе со години не е достапен во Македонија, па дури и ако сакате да го платите приватно. Луѓето со потврден сифилис ни пријавуваат дека си го обезбедуваат некако од Грција и, почесто, од Косово.

Идејата да се ослободиме од ХИВ и од други сексуално преносливи инфекции може да звучи утописки и недостижно. Во Македонија речиси воопшто и не се дискутира, вклучително и од експертската јавност и институциите што се фактички надлежни за справување со предизвиците на јавното здравје – пред сè Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје. Затоа, можеби ќе биде изненадување за многумина, но елиминирањето на ХИВ, вирусните хепатити и најчестите сексуално преносливи инфекции – сифилис, гонореа и хламидија – не само што е возможно, туку е и официјално преземена политичка цел од најголем дел од земјите во Европа и Централна Азија, која треба да се постигне до 2030 година. Во однос на ХИВ, тоа е и обврска преземена од сите земји на Генералното собрание на Обединетите нации во 2021 г.

За жал, кога во 2022 година Регионалниот комитет на Светската здравствена организација за Европа ја дискутираше и усвои соодветната резолуција за Регионалните акциски планови за ставање крај на ХИВ, вирусните хепатити и сексуално преносливите инфекции 2022-2030, Северна Македонија како по обичај беше една од оние незаинтересирани држави чии официјални претставници не чувствуваат дека и ние треба да учествуваме во градењето на регионалните и глобалните политики, во која и да е област, па столчето на нашата земја остана празно на оваа сесија, иако тогашниот министер за здравство Сали беше присутен на неколкудневниот настан во Тел Авив. Столчето на истиот министер остана празно и на сесијата посветена на ХИВ, вирусните хепатити и туберкулозата, на која земји како, на пример Грузија, го презентираа својот напредок кон елиминација на хепатитот Ц.

Елиминацијата на овие епидемии сè уште не значи нивно целосно искоренување, но значи дека можноста за нови инфекции ќе биде сведена на минимум и случаите на пренос ќе бидат спорадични. Заедничко во пристапот за сите споменати заболувања е, пред сè, дијагностицирањето и лекувањето. Колку повеќе лица со ХИВ дијагностицираме, толку повеќе се намалува бројот на нови инфекции, бидејќи штом луѓето се на терапија, вирусот не може да се пренесе. Слично и кај сифилисот, гонореата или хламидијата – ако ги дијагностицираме брзо и ги излекуваме – нема инфекција што би се пренела.




Регионален комитет на СЗО за Европа, Тел Авив, 2022 година: Столчето на Северна Македонија остана празно кога се усвојуваа европските Регионални акциски планови за ставање крај на ХИВ, вирусните хепатити и сексуално преносливите инфекции (2022-2030). (© World Health Organization)

Достижноста на оваа цел одамна не е теорија; во ХИВ, на пример, сè повеќе земји бележат драматично приближување до елиминација. Земји како Шведска, но и земји како Боцвана. За да се случи ова потребни се насочени програми за скрининг, превенција и лекување, услуги што одговараат на реалните потреби на луѓето и им се достапни на ниво на заедницата; како и дестигматизирање на сексуалното здравје, особено во рамките на институциите.

Наместо тоа, нашата Влада континуирано работи на уништување и на оние позитивни примери кои беа градени веќе две децении од долу нагоре, благодарение на кои Македонија успешно спречи епидемија на ХИВ меѓу луѓето што користат дрога, кои донекаде ја контролираат епидемијата на ХИВ меѓу мажите што имаат секс со мажи и кои во моментов се единствените мерки коишто придонесуваат и за справување со епидемијата на сифилис – бидејќи овозможуваат лесен пристап до услуги за дијагностика и брзо лекување.

Тимот експерти што ѝ помагаат на Владата во имплементацијата на Националната стратегија за здравство (2022-2030) со поддршка од Европската

Унија пред само неколку месеци ја посочи токму националната програма за ХИВ како пример за вистинска јавно-здравствена програма во делот на превенцијата. Во неа соработуваат поголем број актери од различни сектори, и е една од ретките што има јасно дефинирани цели и показатели во однос на јавното здравје. Економската евалуација што беше направена единствено за оваа Програма не играше улога во одлуката на Министерството за финансии во однос на нејзиното буџетирање за 2024 година. Па така, буџетот за следната година е ист како оној пред 6 години, кога преку Програмата за ХИВ се обезбедуваше терапија за околу 230 пациенти, а во 2024 ќе бидат лекувани најмалку 430. За сметка на тоа, насочената превенција ќе биде целосно уништена.

Затоа, одговорноста што не се движиме кон елиминација на овие заболувања е на политичкото раководство и на институциите што се надлежни.

линк до колумната

12.12.2023 г.

# ПОДДРШКАТА НА ЖЕНИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ НЕ СМЕЕ ДА СЕ СВЕДЕ НА СОЖАЛУВАЊЕ И МИЛОСРДИЕ

Пишува: Весна Матевска,
психолог и програмска раководителка во ХЕРА



Секоја трета жена во светот е жртва на насилство. Без разлика на нејзината религија, нејзината, возраст, минато, култура. Без разлика како е облечена!

Оваа бројка е уште пострашна кога се во прашање жените со попреченост. Според истражувањето на ОБСЕ за насилството врз жените[1], во регионот 63 % од жените со попреченост кои имале партнер рекле дека доживеале психолошко насилство од интимен партнер до 15-годишна возраст. Исто така, жените со попреченост е поверојатно да доживеат посериозна форма на физичко насилство: 10 % од жените со попреченост рекле дека ги истепал интимен партнер, споредено со 6 % од жените генерално[2]. Според истражувањето[3] во РСМ, 44 % директно доживеале некој вид насилство, а секоја трета (35 %) била сведок на насилство и/или малтретирање. Граѓанските организации што работат со жени жртви на насилство евидентираат 1-3 случаи на насилство врз жени и девојки со попреченост годишно, додека центрите за социјална работа евидентираат 1-2 случаи годишно.

[1] OSCE (2019) Well-being and safety of women, OSCE-led survey on violence against women – Experiences of disadvantaged women: Thematic Report. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/b/1/430007.pdf

[2] ibid.

[3] Е. Кочоска, Н. Димтровска, Извештај Превенција на родово базирано насилство врз жени и девојки со попреченост, ОБСЕ 2022 https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/513253

Но, ако сакаме попрецизни бројки, тешко дека ќе ги најдеме! Зошто? Затоа што освен оние во МВР кое води евиденција за обљуба врз немоќно лице, други бројки нема, ниту, пак, сегрегирани податоци врз основа на попреченост - иако ваква обврска имаме, вклучително и по ратификацијата на Истанбулската конвенција[4].

Ретко се случува жените и девојките со попреченост да пријават насилство: зарем треба да нѐ чуди со оглед на бројните предизвици, стигмата, попреченоста и осудата? Или, пак, во случај кога преживеаната е жена со интелектуална и/или психосоцијална попреченост? Ова и самата го имам посведочено: кога жена со попреченост се охрабри да пријави сексуално насилство, од другата страна слушнавме „можеби и не е вистина, измислува, сигурно не разбира што е тоа...“.

И така случаите остануваат непријавени. И покрај обврските што нашата држава ги има преземено со потпишувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, во пракса  насилството врз жените и девојките комплетно се занемарува. Исклучоците од оваа пракса најчесто се должат на несоодветното и сензационалистичко медиумско известување, поради кое на виделина излегува информација за сторено насилство, па така имаме и регистриран случај.

Секое чудо за три дена – како за сѐ, така и за ова! Сѐ си тече по старо, бројот на сервиси и засолништа за жртвите на насилство и натаму си останува ист – недоволен, постојните и натаму остануваат непристапни за жените и девојките со попреченост, а јавната свест - статус кво. Оттука, и самиот пристап на поддршка, наместо да биде индивидуализиран, се сведува на сожалување.

На жената, а особено на жената со попреченост, треба да ѝ помогнеме да излезе од насилната врска или средина. Притоа, важно е не само да ѝ дадеме поддршка, туку и да ја прашаме што ѝ е потребно, што таа сака и на кој начин треба да ѝ ја дадеме поддршката?

Но, како ќе се сетиме да ѝ ги поставиме овие прашања ако мислиме дека жените со попреченост, а посебно оние со интелектуална попреченост, не знаат или не разбираат што им се случува, ако ги третираме како жртви кои треба да ги спасиме, ако ги жалиме затоа што ги поимаме како беспомошни? Ако им ја одземаме силата и моќта за самостојно носење одлуки наместо да им дадеме поддршка и информации, за нив разбирливи, за да можат да одлучат за себе и за својот живот?

**[4]** Истанбулска конвенција е скратениот назив за Конвенцијатата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство.

Односот на државата кон луѓето со попреченост јасно укажува дека тие, во суштина, ги немаат истите права како луѓето со типичен развој. Во отсуство на свесност за правата на жените и девојките со попреченост не може да има поддршка ниту сервиси за подршка на жртвите на сексуално вознемирување и насилство. Сожалување има, осуда има, поддршка – на ниту едно ниво.

Ова ни го посочува и Гревио, независното тело за мониторинг на Истанбулската конвенција. Имено, во последниот извештај стои дека во ниту едно ќоше од државата немаме обучен персонал за специјализирано психолошко советување за жртви на сексуално насилство. Ова значи дека немаме ниту за жените и девојките со попреченост.

Професионалците што работат во институциите се добро запознаени со поимот на родово базирано насилство, но речиси никој од нив не посетил обука за превенција на насилство врз жени и девојки со попреченост. Малиот број на вработени лица со попреченост упатува дека недоволно го практикуваме концептот на инклузивноста. Голем проблем е и неводењето евиденција по родово поделени и податоци за попреченост од страна на институциите и граѓанските организации.

Сите ние треба да се градиме и да учиме во континуитет, - како луѓе, а уште повеќе како професионалци и експерти. Треба да си ги повторуваме Конвенцијата за унапредување на правата на лицата со попреченост и Истанбулската конвенција, но и да покренеме иницијативи за нивна примена во пракса. Бидејќи од зборувањето фајде нема, особено не за оние коишто преживеале насилство.

линк до колумната

20.12.2023 г.

# АЈДЕ ПРАВИЛНО ДА ИМЕНУВАМЕ


Пишува: Тања Станкова-Папиќ, училиштен специјален едукатор и рехабилитатор и членка на ХЕРА




Мојот личен впечаток е дека во нашето општество зборовите ‘сексуалност‘ и ‘образование‘ или, пак, ‘сексуалност‘ и ‘дете‘ не одат заедно. Но, моето стручно искуство ми го потврдува спротивното. Сексуалноста се состои од видови однесувања придружени со физички, емоционални и социјални интеракции. Таа претставува важен и неделив аспект од здравиот развој и процесот на прилагодување на личноста низ различните развојни фази во животот. Една од најважните причини зошто ни е потребна едукација за сексуалниот развој е фактот што токму разбирањето на здравиот сексуален развој е клучно за превенцијата на сексуалната злоупотреба.

Многумина не знаат што да очекуваат од развојот на сексуалноста, па не можат да направат разлика помеѓу соодветно и несоодветно однесување. Сексуалноста е нераздвоен дел од севкупниот развој на личноста – когнитивен, моторен, говор и комункација, социјален, емоционален и сексуален. Овие развојни области се меѓусебно тесно поврзани и зависни една од друга. Занемарувањето на која било развојна област влијае на останатите и во каква личност ќе се изгради единката.

Токму затоа, никому не му одат во прилог пасивното набљудување отстрана или обидите да одредено непожелно однесување, во случајов сексуално,  се именува со зборови кои нема точно да го опишат. Од прва рака знам дека родителите многу полесно прифаќаат кога нивното дете се однесува психички

или физички насилно. Но, кога детето манифестира сексуално насилство, често го слушам барањето „Ве молам да не го именуваме така“. Дури и самите не се чувствуваат пријатно да го изговорат зборот „сексуално“. Па се прашувам, ако однесувањето на го именуваме правилно, како може да се очекува дека правилно ќе постапиме и интервенираме? Или, медицински кажано, „точна дијагноза – правилен третман“. Во образовниот систем, пак, ова би значело „правилно именување – соодветно образување“.

Уште нешто што родителите тешко го прифаќаат, односно не го препознаваат, е сексуалното насилство во пониските одделенија. Ѕиркањето во тоалетите или соблекувалните во никој случај не смее да биде игнорирано или оправдано со „па и ние сме го правеле тоа.“ Исто така, не смее да се минимизираат ни последиците од „шегите“ со сексуална содржина и да се прифаќаат како нормална комуникација, со надеж дека со текот на времето ќе исчезнат или барем намалат.

Затоа, пак, за разлика од родителите, учениците многу поотворено и искрено пристапуваат кога се дел од сексуална едукација. За најголем број од нив, едукацијата нуди простор каде што можат отворено да разговараат на теми од областа на сексуалноста. И неретко, тоа е и единственото место каде што учениците може воопшто да поставаат прашање кое ги интересира, без да бидат прекорени или оставени без одговор.

Правилното именување на деловите на телото, усвојувањето на правилата на однесување во приватен и јавен простор, запознавањето со промените кои настануваат за време на пубертетот, препознавањето на пријатни и непријатни допири, соодветното однесување во различни видови врски се само дел од темите за кои учениците со интерес дискутираат и сакаат да зборуваат. И многу често на крајот на работилниците прашуваат „Кога да дојдам пак?“. Токму ова најгласно кажува колку ваквите информации им се корисни и потребни.

Но, дури и да го направиме првиот чекор – правилно да именуваме, кога ќе го направиме вториот чекор – соодветно да образуваме? Во целава слика недостига делчето образование. Последните неколку години со право растат загриженоста и заложбите да се превенира врсничкото насилство во училиштата. Но, не можам да разберам зошто сѐ уште го нема сексуалното образование во тие програми, кога токму тоа има исклучително важна улога во превенцијата на сексуално насилство и злоупотреба? Повторно ќе направам споредба со медицинскиот речник. Тоа му доаѓа како промовирање на тестирање/дијагностика за одредена болест, без притоа да биде обезбедена терапија/третман за неа. Односно, се преземаат чекори да се идентификува сексуалното насилство, а не е дефинирано како потоа ќе се постапува, односно каков ќе биде „третманот“.

Без сексуално образование учениците се оставени самите да доаѓаат до одговорите на прашањата кои е сосема нормално да ги имаат. Кога детето поставува прашање, значи има интерес и сака да добие одговор. Тука нема дилема, прашањето мора да биде одговорено. Доколку одговорот не го дадеме ние, како родители и наставници, тогаш детето сигурно самото ќе дојде до информација, која често е грешна или нецелосна. Моето досегашно искуство ми потврдува колку се ретки родителите кои за оваа тема отворено разговараат со своите деца. Баш затоа неопходно е да се обезбеди пристап до точни информации, прилагодени на менталната и развојната возраст на учениците. Само така ќе можеме да им помогнеме да се заштитат од сексуално насилство и злоупотреба. И само така ќе можат безбедно да ја истражуваат сопствената сексуалност.

Индивидуалниот сексуален развој и изразување започнуваат уште во домот: прво семејните, а потоа и културолошките и општествените вредности го насочуваат и водат разбирањето и искусувањето на сексуалноста и врските. Пристапот до соодветна сексуална едукација е клучен за развојот на здраво и соодветно сексуално однесување. Токму тука е нашата одговорност како родители, наставници, како општество - да обезбедиме пристап до сексуално образование, доколку не сакаме интернетот и социјалните медиуми да го направат тоа наместо нас. Затоа, ајде правилно да именуваме - и одговорно да образуваме!

линк до колумната

www.hera.org.mk